Бр: 03-9/1
Скопје: 11.01.2022

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 11.01.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја разгледа доставената Информација од страна на Министерството за транспорт и врски бр. 02-7808/2 од 21.12.2021 година (Наш бр. 03-218/1 од 22.12.2021 година) за потребата за донесување на Програма за финансиска поддршка на авиопревозници. Со Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2022 – 2025 година се има за цел поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници заради побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај за периодот од 1 март 2022 година до 1 март 2025 година.

Во доставената Информација од страна на Министерството за транспорт и врски се наведува дека основа за донесување на горанаведената Програма е член 38-а став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија„ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 220/19) во кој се предвидува „...за определување на финансиската поддршка од став (1) на овој член, Владата на Република Северна Македонија донесува тригодишна програма, по претходно добиено мислење од Министерството за финансии и Комисијата за заштита на конкуренцијата...„.

Во Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2022 - 2025 година се предвидени финансиски средства во вкупен износ од 312.420.000 денари, кои според член 38-а став (6) од Законот за воздухопловство се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија односно од Буџетот на единиците на локалната самоуправа. За секоја година износот на средствата предвидено е да изнесува:

- за 2022 година 52.643.000 денари
- за 2023 година 121.210.000 денари

- за 2024 година 121.210.000 денари и

- за 2025 година 17.357.000 денари.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека при продолжување на ваков вид поддршка треба **целосно** да се земат предвид Насоките на Европската комисија за државна помош на аеродромите и во авиосообраќајот (Guidelines on State aid to airports and airlines 2014/C 99/03). Соодветно, пред евентуалното започнување на нова постапка потребно е давателот на државната помош, односно Министерството за транспорт и врски, согласно член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош да поднесе известување за планирано доделување на помош согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош (,,Службен весник на РМ,, бр. 145/10) и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (,,Службен весник на РМ,, бр. 142/11).

Согласно гореизнесеното, а и земајќи го во предвид законодавството за државна помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека таа како институција е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош - член 10 од Законот за контрола на државната помош. Следствено на тоа на прашањето од точка 4 од Меморандумот доставен до Владата на Република Северна Македонија: дали материјалот содржи елементи на државна помош, е избран одговорот НЕ од страна на Министерството за транспорт и врски, што е во спротивност со законодавството за државна помош бидејќи Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе оцени дали така конципирани мерки претставуваат државна помош и се во согласност со законодавството за државна помош и како такви дозволени за имплементирање од страна на давателите на државна помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**